ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-8297/2
Дата, Data 23-11-2020
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.6/2020 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Слободен печат“, директорот на претпријатието донесе

# О Д Л У К А

**за неврешење избор на кандидат на давател на јавни услуги по јавен оглас бр.6/2020 за работно место Самостоен инженер**

Член 1

Во врска со објавениот јавен оглас за вработување на даватели на јавни услуги бр.6/2020 објавен на ден 22.10.2020 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Слободен печат“, како и на веб страната на ЈП Водовод и канализација – Скопје за работно место КДР0305Б01050 Самостоен Инженер во Одделение за проектирање, развој и екологија во Сектор Технички работи и развој, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ.

Член 2

Одлуката влегува во сила по конечноста на истата.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ЈП Водовод и канализација – Скопје на ден 22.10.2020 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Слободен печат“, како и на веб страната на претпријатието објави јавен оглас за вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 за работно место КДР0305Б01050 Самостоен Инженер во Одделение за проектирање, развој и екологија во Сектор Технички работи и развој.

По јавниот оглас бр.6/2020 за вработување на давател на јавна услуга за работно место КДР0305Б01050 Самостоен Инженер во Одделение за проектирање, развој и екологија во Сектор Технички работи и развој нема пристигнато ниту една пријава.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Сектор Човечки ресурси
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски